Со оваа одлука се дава согласност на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управата за хидрометеоролошки работи да спроведе постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад на движни ствари - опрема кои се дотраени, неупотребливи и технолошки застарени и не можат да се продадат или разменат како такви, согласно Одлуката за расходување на движни ствари на Управата за хидрометеоролошки работи бр.02-198/6 од 11.2.2020 година, донесена од директорот на Управата за хидрометеоролошки работи.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-9273/1
27 октомври 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3375.**

Врз основа на член 19 став (7) од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/05, 4/08, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12, 187/13, 15/15, 129/15, 154/15, 192/15, 23/16 и 144/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 октомври 2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА УВОЗНИТЕ ДАВАЧКИ - ЦАРИНСКИТЕ СТАПКИ НА ОДДЕЛНИ ПРОИЗВОДИ (КОМПОНЕНТИ) ПОТРЕБНИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ТЕХНОЛОШКО НАПРЕДНИ ПРОИЗВОДИ

Член 1

Со оваа одлука се пропишува мерка за намалување на увозните давачки - царинските стапки на одделни производи (компоненти) потребни за производство на технолошко напредни производи и тоа:

| Тарифна ознака | Опис | Царинска стапка |
|---|---|---|
| 5603 | Неткаен текстил, вклучувајќи импрегниран, превлечен, прекриен или ламиниран: | |
| | -Од вештачки или синтетички филаменти: | |
| 5603 14 | --Со маса поголема од 150 г/м2: | |
| 5603 14 90 00 | ---Друг | 4,3 |
| 7318 | Завртки, навртки, тирфони, завртки со кука, заковки, затезни клинови, расцепки, подлошки (вклучувајќи еластични подлошки) и слични производи, од железо или челик: | |
| | -Производи со навој: | |
| 7318 15 | --Други завртки, со или без свои навртки или подлошки: | |
| | ---Друго: | |
| | ----Со глави: | |
| | -----Со засечок или со спуштена глава: | |
| 7318 15 58 00 | ------Друго | 3,7 |
| 7318 15 95 00 | -----Друго | 3,7 |
| | -Производи без навој: | |
| 7318 29 00 00 | --Друго | 3,7 |
| 7326 | Други производи од железо или челик: | |
| 7326 90 | -Друго: | |
| 7326 90 40 00 | --Палети и слични платформи за ракување со стоки | 2,7 |
| | --Други производи од железо или челик: | |
| | ---Друго: | |
| 7326 90 98 90 | ----Друго | 2,7 |
| 8413 | Пумпи за течности, опремени или неопремени со мерни уреди; елеватори на течности: | |
| 8413 60 | -Други пумпи за потиснување, со ротационо движење: | |
| 8413 60 20 00 | --Хидраулични единици | 1,7 |
| 8480 | Калапници за леарници на метали; моделни плочи; модели за калапи; калапи за метал (освен калапи за инготи), метални карбиди, стакло, минерални материјали, гума или пластични маси: | |
| | -Калапи за метал или метални карбиди: | |
| 8480 41 00 00 | --За бризгање или компресија | 1,7 |
| | -Калапи за гума или пластични маси: | |
| 8480 71 00 00 | --За бризгање или компресија | 1,7 |
| 8501 | Електромотори и електрични генератори (освен генераторски агрегати): | |
| 8501 10 | -Мотори со моќност што не надминува 37,5 W: | |
| | --Друго: | |
| 8501 10 91 00 | ---Универзални AC/DC мотори | 2,7 |
| 8504 | Електрични трансформатори, статички конвертори (на пример, исправувачи) и индуктивни калеми: | |
| | -Други трансформатори: | |
| 8504 31 | --Со моќност што не надминува 1 kVA: | |
| | ---Мерни трансформатори: | |
| 8504 31 21 00 | ----Напонски | 3,7 |
| 8504 31 80 00 | ---Друго | 3,7 |
| 8504 32 | --Со моќност што надминува 1 kVA но не надминува 16 kVA: | |
| 8504 32 00 90 | ---Друго | 3,7 |
| 8504 50 | -Други индуктивни калеми | |
| 8504 50 00 90 | --Друго | 0 |
| 8504 90 | - Делови: | |
| | -- Од статички конвертори: | |
| 8504 90 90 90 | --- Друго | 0 |

| | | |
|---|---|---|
| 8505 | Електромагнети; перманентни магнети и производи предвидени да станат перманентни магнети по магнетизирањето; стегачки глави, стегачки направи и слични држачи на работни предмети, врз база на електромагнети или на перманентни магнети; електромагнетни спојници и кочници; електромагнетни глави за дигање: | |
| | -Перманентни магнети и производи предвидени да станат перманентни магнети по магнетизирањето: | |
| 8505 11 00 00 | --Од метал | 2,2 |
| 8505 19 | --Друго: | |
| 8505 19 90 00 | ---Друго | 2,2 |
| 8516 | Електрични проточни или акумулациони грејачи на вода и потопувачки грејачи; електрични апарати за греење простор и електрични уреди за греење почва; електротермички апарати за уредување коса (на пример апарати за сушење коса, апарати за ондулација) и апарати за сушење раце; електрични пегли; други електротермички уреди за домаќинството; електрични грејни отпорници, освен оние од тар. број 8545: | |
| 8516 10 | -Електрични проточни или акумулациони грејачи на вода и потопувачки грејачи: | |
| 8516 10 11 00 | --Проточни | 2,7 |
| 8516 80 | -Електрични грејачи отпорници: | |
| 8516 80 20 00 | --Склопени со изолационен носач-тело | 2,7 |
| 8518 | Микрофони и нивни стативи; звучници, вклучувајќи и звучници во звучни кутии; наглавни слушалки и слушалки за едно уво, без или во комбинација со микрофон и комплети од еден микрофон и еден или повеќе звучници; аудиоферквентни електрични засилувачи; електрични комплети за засилување на звукот: | |
| 8518 10 | -Микрофони и нивни стативи: | |
| 8518 10 00 90 | -- Друго | 0 |
| 8536 | Електрични апарати за вклучување и исклучување или за заштита на електрични струјни кола или за остварување на приклучување за или во електрични струјни кола (на пример, прекинувачи, релеи, стопувачки осигурувачи, пригушувачи на бранови со висока фреквенција, вклучници, штекери, сијалични грла и други конектори, разводни кутии), за напон што не надминува 1000 V; конектори за оптички влакна, снопови од оптички влакна или кабли, други апарати | |
| 8536 50 | -Други прекинувачи: | |
| | --Друго: | |
| | ---За напон што не надминува 60 V: | |
| 8536 50 11 00 | ----Прекинувачи на притискање | 0 |
| 8536 50 80 00 | ---Друго | 0 |
| 8536 90 | -Други апарати: | |
| | -- Друго: | |
| 8536 90 95 90 | --- Друго | 0 |
| 8537 | Табли, плочи, пултови, маси, ормани и други основи, опремени со два или повеќе апарати од тар. број 8535 или 8536, за електрично управување или разведување на електрична струја, вклучувајќи ги и оние со вградени инструменти или апарати од Глава 90, и нумерички управувани апарати, освен апарати за вклучување и исклучување од тар. број 8517: | |
| 8537 10 | -За напон што не надминува 1000 V: | |
| | --Друго: | |
| 8537 10 91 00 | ---Управувачи (контролери) со програмирачка меморија | 2,1 |
| 8538 | Делови погодни за употреба исклучително или главно со апаратите од тар. број 8535, 8536 или 8537: | |
| 8538 10 00 00 | -Табли, плочи, пултови, маси, ормани и други основи за производите од тар. број 8537, неопремени со свои апарати | 1,7 |
| 8538 90 | -Друго: | |
| | --Друго: | |
| 8538 90 99 00 | ---Друго | 1,7 |
| 8544 | Изолирана жица (вклучувајќи емајлирана или анодизирана жица), кабли (вклучувајќи и коаксијални кабли) и други изолирани електрични спроводници, со или без конектори; кабли од оптички влакна, изработени од поединечно оплаштени влакна, комбинирани или не со електрични спроводници, со или без конектори: | |

| | | |
|---|---|---|
| 8544 20 00 00 | -Коаксијални кабли и други коаксијални електрични спроводници | 3,7 |
| 8544 30 00 00 | -Сетови на спроводници за палење и други сетови на спроводници за возила, воздухоплови или бродови | 0 |
| | - Други електрични спроводници, за напон што не надминува 1000 V, | |
| 8544 42 | --Со конектори: | |
| 8544 42 90 00 | ---Други | 3,3 |
| 8544 49 | ---Други: | |
| | ----Други: | |
| | Други електрични спроводници, други, за напон што надминува 80 V, но помал од 1 000 V | |
| 8544 49 91 00 | ----Жица и кабли чиишто поединечни спроводници имаат пречник што надминува од 0,51 мм | 3,7 |
| 8547 | Изолацоини делови за електрични машини, уреди или опрема, изработени во целост од изолационен материјал или само со помали компоненти од метал (на пример, чаури со навој), вградени за време на пресувањето исклучително заради спојување, освен изолаторите од тар. број 8546; цевки за електрични спроводници и спојници за нив, од прости метали обложени со изолационен материјал: | |
| 8547 10 00 00 | -Изолациони делови од керамички материјали: | 4,7 |
| 9607 | Патент затворачи и нивни делови: | |
| | -Патент затворачи: | |
| 9607 19 00 00 | --Други | 7,7 |

Член 2

Стоките од член 1 на оваа одлука ќе се увезуваат заклучно со 31 октомври 2021 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 ноември 2020 година.

Бр. 44-9989/1
27 октомври 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**3376.**

Врз основа на член 39 став 4 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19 и 27/20), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА КНИГАТА ЗА ПРОЦЕНА НА ТУТУН И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ДНЕВНАТА ПОТВРДА ЗА ПРЕДАДЕНИОТ ТУТУН

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на книгата за процена за тутун и формата и содржината на дневната потврда за предадениот тутун.

Член 2

Книгата за процена на тутун се води во електронска форма и се состои од дневни извештаи за процена и откуп.

Формата и содржината на книгата за процена на тутун се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Дневната потврда за предаден тутун се печати на хартија во бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на дневната потврда за предаден тутун се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на книгата за процена на тутун и дневната потврда за предадениот тутун („Службен весник на Република Македонија" бр.14/15).

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 29-6594/4
9 октомври 2020 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Арјанит Хоџа,** с.р.

Прилог 1

**ОТКУПУВАЧ:** ____________________________________________________

/назив и седиште на откупното претпријатие/

**ОТКУПНО МЕСТО**: ____________________________________________________

/адреса и сопственост/

Бр. ______________Вага за процена

ПРОЦЕНИТЕЛ: __________________________________________________

/име и презиме и број и датум на издавање на лиценцата за процена на тутун/

Потпис на проценител:

__________________

**К Н И Г А  З А  П Р О Ц Е Н А**

**Н А  Т У Т У Н  Т И П ______**

Откуп на тутун од берба ______________ год.

Откупно место ____________

Тип на тутун ____________

Дневен извештај за процена и откуп

| Ред Бр | Датум на процена на тутунот | ИДБР на земјоделско стопанство | Број на договор за откуп | Договорена количина во kg. | Име и Презиме на производителот | Адреса/ Седиште на производителот | Број на предадени кутии /бали | КАТЕГОРИЈА - КЛАСА во kg. | | | | | | | | ОДБИТОЦИ | | | | | | | | Вкупно предаден тутун | Бар код на бала | Спорен тутун | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | I-I | I-II | I-III | I-IV | Вкупно | II-I | II-II | Вкупно | Песок % | Песок kg | ВЛАГА % | ВЛАГА kg | Не-тутунски материи % | Не-тутунски материи kg. | Вкупно % | Вкупно kg | Нето тежина kg. | | КЛАСА | kg |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Мувлосан тутун нето тежина во kg. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| СЕ ВКУПНО ЗА ДЕН | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

Проценител ____________

Прилог 2

Назив на откупувач:___________________________________________

**ДНЕВНА ПОТВРДА ЗА ПРЕДАДЕН ТУТУН бр.____ НА ДЕН:________**

Проценител:Име и презиме ________________________, бр. и датум на лиценца за процена на тутун_______
Откупен пункт: ________________________ број: _________ Број на вага________________________
Откупно Место: ________________________ Адреса: ________________________

Производител на тутун:Име и презиме________________, ИДБР _________ ЕМБГ_________
Број на договор.________ Тип на тутун: _________

| Ред. бр. | бар код на кутија/ бала | Категорија/ Класа* | Бруто (kg.) | Дара (кутија/саргија) (kg.) | Бруто тутун | Одбитоци | | | | | | | | Нето Тутун (kg.) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Влага | | Песок | | Нетутунски материи | | Вкупно Одбитоци | | |
| | | | | | | % | kg. | % | kg. | % | kg. | % | (kg.) | |
| 1 | | | | | | | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | | | | | | | |
| Категорија/Класа*: I – 1, I – 2, I – 3, I – 4, , II – I, II - II | | | | | | | | | | | | | | |

Збирно по класи и категории

| Категорија/ Класа | Вкупен број на предадени кутии/бали | Бруто (kg.) | Дара (kg.) | Бруто тутун | Влага (kg.) | Песок (kg.) | Нетутунски материи (kg.) | Вкупно Одбито. (kg.) | Нето тутун (kg.) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I – 1 | | | | | | | | | |
| I – 2 | | | | | | | | | |
| I – 3 | | | | | | | | | |
| I – 4 | | | | | | | | | |
| Вкупно I | | | | | | | | | |
| II – 1 | | | | | | | | | |
| II - 2 | | | | | | | | | |
| Вкупно II | | | | | | | | | |
| Мувлосан тутун | | | | | | | | | |
| Се вкупно: | | | | | | | | | |

Спорен тутун

| Категорија/ Класа | Вкупен број на спорни кутии/бали | Бруто kg. | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

________________________ ________________________
Производител на тутун Проценител

**3377.**

Врз основа на член 40 став 14 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19 и 27/20), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА КНИГАТА ЗА ПРИГОВОРИ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на книгата за приговори.

Член 2

Книгата за приговори е во А4 формат со димензии 210 mm x 297 mm во која се содржани меѓусебно поврзани евиденциони листови за спорен тутун.

Член 3

Книгата за приговори се води во пишана и електронска форма.

Член 4

Формата и содржината на книгата за приговори се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на книгата за приговори („Службен весник на Република Македонија“ бр.181/11 и 201/16).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 29-6595/4
9 октомври 2020 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Арјанит Хоџа,** с.р.

______________________________________________________________

/назив и седиште на откупното препријатие/

**ОТКУПНО МЕСТО**:

_________________________________________________________

/адреса и сопственост/

ПРОЦЕНИТЕЛ:

_____________________________________________________________

/име, презиме, број и датум на издавање на лиценцата за процена на тутун/

Потпис на проценител:

______________________

**К Н И Г А  З А  П Р И Г О В О Р И**

Откуп на тутун од реколта______ год.

Бр. _______________Вага за процена

ЕВИДЕНЦИОНЕН ЛИСТ ЗА СПОРЕН ТУТУН

| Ред бр. на производител | Дата на прием на приговор/откуп | Име и презиме на производителот | Име и презиме на претставник на здружение | Број на договор за откуп | Број на бала/кутија | ПРВОСТЕПЕНА ПРОЦЕНА | | | | | | | | | | | | | | | | ОДЛУКА ЗА ПРОЦЕНА ОД ВТОРОСТЕПЕНА КОМИСИЈА | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Тип "______" категорија I во кг. КЛАСА | | | | | Тип "______" категорија II во кг. КЛАСА | | | ВКУПНО во кг. I и II категорија | ОДБИТОЦИ во кг. | | | | | | | | | | |
| | | | | | | I | II | III | IV | Вкупно | I | II | Вкупно | Тежина кг. | Влага во % | ВЛАГа во кг. | ПЕСОК во % | ПЕСОК во кг. | нетутунски материи во % | нетутунски материи во кг. | ВКУПНО одбитоци во кг. | Датум на записник | Број на записникт | Класа | Нето Тежина во кгр. |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

Потпис на производител/претставник на здружението

________________________________________

**3378.**

Врз основа на член 27 став (7) од Законот за консолидација на земјоделско земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.187/13, 61/16 и 83/18), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ГЕОДЕТСКИОТ ЕЛАБОРАТ ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ ЗА КОНСОЛИДАЦИЈА**

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на геодетскиот елаборат за посебни намени за консолидација („Службен весник на Република Македонија" бр.55/14) во членот 5 став 1 во алинејата 4 сврзникот "и" се заменува со точка и запирка и по алинеја 5 се додаваат пет нови алинеи 6, 7, 8, 9 и 10 кои гласат:

„- дигитален катастарски план (ДКП) за новоутврдената состојба на недвижноста во "*.hml/*.gml" формат;

- скица на премерување на згради, посебни и заеднички делови од згради и други објекти со новопредложената состојба (доколку тие постојат во консолидираното подрачје);

- потврда за проверка на ДКП со која се потврдува дека содржината на ДКП ги исполнува условите за тематска и тополошка конзистентност за негово внесување во системот за електронски катастар што се води од страна на Агенцијата за катастар на недвижности како интегрирана база на графички и алфанумерички податоци;

- план за распределба на земјиштето и

- нумерација на новоформираните катастарски парцели во консолидационата маса.".

Член 2

Прилогот се заменува со нов Прилог кој е составен дел од овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 43-8061/1
26 октомври 2020 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Арјанит Хоџа,** с.р.

Прилог

ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ ОВЛАСТЕН ГЕОДЕТ/
ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ

Приемен штембил

________________________________________

( назив и седиште )

Деловоден број : ____________

Датум: _______ _____година

# ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТ ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ ЗА КОНСОЛИДАЦИЈА

**ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ ОВЛАСТЕН ГЕОДЕТ / АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**
**ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ**

**Изготвил:** **М.П.Заверил/Одобрил** **М.П.**

---------------------------------------------------------------------- ----------------------------------------------------------------

(име,презиме и потпис наовластен геодет) (име, презиме и потпис на овластено стручно лице одгеодетска насока)

ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ ОВЛАСТЕН ГЕОДЕТ/
ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ

______________________________________________________

( назив и седиште)

# СОДРЖИНА НА ГЕОДЕТСКИОТ ЕЛАБОРАТ

1.

2.

3.

4.

5.

6.

7.

8.

9.

10.

11.

12.

.

.

ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ ОВЛАСТЕН ГЕОДЕТ/
ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ

________________________________________________

( назив и седиште)

## ТЕХНИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

1. Правен основ за вршење на консолидација, временски период на реализација, податоци од катастарот на недвижности користени во постапката на консолидација и слично.

2. Податоци за методата на вршење на премер и инструменти, време и точност:

3. Краток опис за утврдена состојба од извршеното споредување на податоците од премерот на фактичката состојба со податоците од катастарот на недвижностите и приложената документација.

4. Извршители на премерот:

**Изготвил**

________________________________

(име, презиме и потпис)

ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ ОВЛАСТЕН ГЕОДЕТ/
ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ

________________________________________
( назив и седиште )

# ТЕРЕНСКА СКИЦА НА КОНСОЛИДИРАНОТО ПОДРАЧЈЕ
## за КО:______________

Размер 1: ____________

Координати на нови точки од геодетска основа на детални

| Бр. на точка | Y | X | H |
|---|---|---|---|
| 1 | | | |
| 2 | | | |
| .... | | | |

Место и датум

______________________________

Изготвил

____________________
име и презиме (потпис и печат)

ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ ОВЛАСТЕН ГЕОДЕТ/
ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ

______________________
(назив и седиште)

# ПРЕДЛОГ НА НОВА СОСТОЈБА број:
Катастарска општина:

## ЛИСТ А: ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛОТ НА ПРАВОТО

| Ред.бр | ЕМБГ/ЕМБС | Име и презиме / Назив | Адреса/ Седиште | Дел на недвижност | Правен основ на запишување |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | |

## ЛИСТ Б: ПОДАТОЦИ ЗА ЗЕМЈИШТЕТО (КАТАСТАРСКАТА ПАРЦЕЛА) И ЗА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

| Број на катастарска парцела | | Број на зграда/ објект | Викано место/улица | Катастарска | | Површина во м2 | Сопственост/ сосопственост/ заедничка сопственост | Број на Евидентен лист (ЕЛ) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| основен | дел | | | култура | класа | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |

## ЛИСТ В: ПОДАТОЦИ ЗА ЗГРАДИ, ПОСЕБНИ ДЕЛОВИ ОД ЗГРАДИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ И ЗА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

| Број на катастарска парцела | | Адреса (улица и куќен број на зграда) | Број на зграда/објект | Намена на зграда и друг објект | Влез/ Кат/ Број на посебен/заеднички дел од зграда | | | Намена на посебен/заеднички дел од зграда | Внатрешна површина во м2 | Отворена површина во м2 | Волумен во м3 | Сопственост/ сосопственост/ заедничка сопственост | Евиденција | Број на Евидентен лист (ЕЛ) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| основен | дел | | | | Влез | Кат | Број | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |

## ЛИСТ Г: ПРОМЕНИ НА ДРУГИ СТВАРНИ ПРАВА И ДРУГИ ПРАВА ЧИЕ ЗАПИШУВАЊЕ Е УТВРДЕНО СО ЗАКОН, ПРИБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ФАКТИ ОД ВЛИЈАНИЕ ЗА НЕДВИЖНОСТИТЕ И ПРЕДБЕЛЕЖУВАЊЕ

### Г1.1 ПРАВО НА ЗАЛОГ( ХИПОТЕКА )

Носител на правото(доверител): ЕМБГ/ЕМБС: Адреса/Седиште:

Хипотекарен должник: ЕМБГ/ЕМБС: Адреса/Седиште:

| Број на катастарска парцела | | Број на зграда | Влез/ Кат/ Број на посебен/заеднички дел од зграда | | | Намена на посебен/заеднички дел од зграда | Внатрешна површина во м2 | Отворена површина м2 | Волумен во м3 | Износ на побарувањето | Правен основ на запишување | | | Број на предмет по кој е извршено запишување | Датум и час на прием на пријавата за запишување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен | Дел | | Влез | Кат | Број | | | | | | Назив | Број и датум | Орган што го донел актот/заверил | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |

### Г8.1 Други права чие запишување е утврдено со закон

Вид на право:

Носител на правото: ЕМБГ/ЕМБС: Адреса/Седиште:

| Број на катастарска парцела | | Број на зграда | Влез/ Кат/ Број на посебен/заеднички дел од зграда | | | Намена на посебен/заеднички дел од зграда | Краток опис на правото | Правен основ на запишување | Број на предмет по кој е извршено запишување | Датум и час на прием на пријавата за запишување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен | Дел | | Влез | Кат | Број | | | | | |
| | | | | | | | | | | |

ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ ОВЛАСТЕН ГЕОДЕТ/ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ

изготвил

М.П. ______________________
(име, презиме и потпис на геодетско стручно лице)

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

**3379.**

Врз основа на член 49 став (11) од Законот за студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/13, 120/13, 41/14, 146/15, 30/16, 178/16, 64/18, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19 и 248/20), министерот за образование и наука донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА ВИДОТ НА СТУДЕНТСКИТЕ СТИПЕНДИИ И НАЧИНОТ НА ДОДЕЛУВАЊЕТО НА СТУДЕНТСКИТЕ СТИПЕНДИИ НА СТУДЕНТИТЕ КОИ СТУДИРААТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува видот на студентските стипендии и начинот на доделување на студентските стипендии на студентите кои студираат во Република Северна Македонија.

Член 2

За студентска стипендија (во натамошниот текст: стипендија) може да конкурира редовен студент запишан на додипломски студии од прв циклус на универзитетите и високообразовните установи во Република Северна Македонија, согласно објавениот Конкурс за доделување на студентски стипендии на редовни студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на универзитетите и високообразовните установи во Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Конкурсот).

Член 3

Студентите од член 2 од овој правилник, пополнуваат електронска пријава и ја прикачуваат соодветната документација на http://konkursi.mon.gov.mk или пополнуваат хартиена пријава и ја доставуваат потребната документација по Конкурсот во Министерството за образование и наука.

Член 4

Распределбата на стипендиите по вид се врши на следниот начин:

а) Прва група - 49% од вкупниот број на стипендии се за студенти од социјалните категории запишани како редовни студенти на јавните универзитети и високообразовните установи во Република Северна Македонија;

б) Втора група - 30% од вкупниот број на стипендии се за студенти кои постигнале особено висок успех во учењето, запишани како редовни студенти на јавните и приватните универзитети и високообразовните установи во Република Северна Македонија;

в) Трета група - 20% од вкупниот број на стипендии се за студенти кои се запишани на студискипрограмиоднаучнитеподрачјана природно - математичките,техничко – технолошките, био-техничките и/или медицинските науки запишани како редовни студенти на јавните и приватните универзитети и високообразовните установи во Република Северна Македонија.

г) Четврта група - 1% од вкупниот број на стипендии се за студенти кои се запишани во прва година на студиски програми на високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование.

Член 5

Рангирањето на студентите од член 4 точка а) од овој правилник, се врши на следниот начин:

а) Студентите добиваат бодови за постигнатиот успех во образованието и за материјалните можности на студентите и нивните семејства.

б) Студентите кои до 18 години биле без родители и родителска грижа, студентите кои се категоризирани како лица со посебни потреби, студенти - деца на самохран родител, студенти-деца на корисници на социјална помош и студенти - деца на корисници на надомест по основ на технолошки вишок за кои вкупните приходи во семејството се под нето минималната плата утврдена во Република Северна Македонија добиваат дополнителни 10 бодови,

в) Студентите кои учествуваат во Програмата за обезбедување туторство на ученици од основното образование, односно Програмата за обезбедување туторство на ученици од средното образование добиваат дополнителни 10 бодови.

г) По основ на успехот во учењето, односно успехот остварен во текот на студирањето, бодовите се добиваат врз основа на следната формула:

„Бодови од остварен успех =Просечен успех (збир на поединечни оценки поделен со вкупниот број на оценки).“

д) По основ на материјалните можности на студентите и нивните семејства бодовите се добиваат на следниот начин:

| Семејно-материјална положба на студентот | Бодови |
|---|---|
| до 35% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Северна Македонија | 60 |
| од 35% до 45% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Северна Македонија | 50 |
| од 45% до 55% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Северна Македонија | 40 |
| од 55% до 65% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Северна Македонија | 30 |
| од 65% до 75% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Северна Македонија | 20 |
| Над 75% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Северна Македонија | 0 |

ѓ) За критериумот материјални можности на студентите и нивните семејства, се земаат вкупните месечни примања по член на семејство на студентот (месечните нето плати и годишните приходи по разни основи прикажани во образецот од Управата за јавни приходи како земјоделска дејност, стопанска дејност, авторски права, издавање на простор и други приходи) во однос на просечно исплатената месечна нето плата по вработен во Република Северна Македонија за последните три месеци утврдена од Државниот завод за статистика.

е) Ако месечните примања на семејството по член се помали или еднакви со 35% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Северна Македонија кандидатот добива 60 бодови, ако месечните примања на семејството по член се поголеми од 35%, а се помали или еднакви со 45 % од просечно исплатена месечна нето плата во Република Северна Македонија кандидатот добива 50 бодови, ако месечните примања на семејството по член се поголеми од 45%, а се помали или еднакви со 55% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Северна Македонија кандидатот добива 40 бодови, ако месечните примања на семејството по член се поголеми од 55%, а се помали или еднакви со 65% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Северна Македонија кандидатот добива 30 бодови, ако месечните примања на семејството по член се поголеми од 65%, а се помали или еднакви со 75% од просечно исплатена месечна нето

плата во Република Северна Македонија кандидатот добива 20 бода, а за месечни примања на семејството по член кои се повисоки од 75% од просечно исплатена на месечна нето плата во Република Северна Македонија не се добиваат бодови.

ж) Вкупните месечни примања по член на семејство на студентот се пресметуваат според формулата:

„Последна исплатена плата од татко +

Последна исплатена плата од мајка +

Последна исплатена плата од други членови на семејството +

Приходи од вршење стопанска и професионална дејност (на годишно ниво) / 12 (месеци) за секој член на семејството поединечно +

Приходи од вршење земјоделска дејност (на годишно ниво) / 12 (месеци) за секој член на семејството поединечно +

Приходи од имот и имотни права (на годишно ниво) / 12 (месеци) за секој член на семејството поединечно +

Останати приходи (на годишно ниво) / 12 (месеци) за секој член на семејството поединечно.

Вака добиениот вкупен збир се дели со вкупниот број членови на семејството.“

з) Доколку има повеќе пријавени кандидати со ист број бодови, предност имаат кандидатите запишани во повисока година од студиите.

Член 6

Студентите од член 4 точка б) од овој правилник, кои постигнале особено висок успех во учењето добиваат бодови за остварениот успех во текот на студирањето.

По основ на успехот во учењето, односно успехот остварен во текот на студирањето, бодовите се добиваат врз основа на следната формула:

„Бодови = Просечен успех (збир на поединечни оценки поделен со бројот на оценки)“

Студентите кои учествуваат во Програмата за обезбедување туторство на ученици од основното образование, односно Програмата за обезбедување туторство на ученици од средното образование добиваат дополнителни 10 бодови.

Доколку има повеќе пријавени кандидати со ист број бодови, предност имаат кандидатите запишани во повисока година од студиите.

Член 7

Студентите од член 4 точка в) од овој правилник, кои се запишани на студиски програми од научните подрачја на природно-математичките, техничко-технолошките, био-техничките и/или медицинските науки добиваат бодови за остварениот успех во текот на студирањето.

По основна студиска програма на која е запишан студентот, бодовите се добиваат врз основа на следната формула:

„Бодови = Просечен успех (збир на поединечни оценки поделен со бројот на оценки“

Студентите кои учествуваат во Програмата за обезбедување туторство на ученици од основното образование, односно Програмата за обезбедување туторство на ученици од средното образование добиваат дополнителни 10 бодови.

Доколку има повеќе пријавени кандидати со ист број бодови, предност имаат кандидатите запишани во повисока година од студиите.

Член 8

Студентите од член 4 точка г) од овој правилник, кои се запишани во прва година на студиски програми на високообразовни установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование, добиваат бодови врз основа на успехот остварен во текот на средното образование.

По основ на успехот во учењето, односно успехот остварен во текот на средното образование, бодовите се добиваат со примена на следната формула:

„Се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години од средното образование, добиениот збир се дели со бројот на оценките и добиениот среден успех= број на бодови.“

По основ на користење на стипендија за талентирани ученици од Министерството за образование и наука, се доделуваат дополнителни бодови врз основа на следната формула:

„Број на години на користење на стипендија за талентиран ученик х 1“.

Студентите кои учествуваат во Програмата за обезбедување туторство на ученици од основното образование, односно Програмата за обезбедување туторство на ученици од средното образование добиваат дополнителни 10 бодови.

Доколку има повеќе пријавени кандидати со ист број бодови, предност имаат кандидатите запишани во повисока година од студиите.

Член 9

Од страна на Министерството за образование и наука се:

- врши прием и проверка на документацијата од кандидатите,

- изготвува конечен список на студентите на кои им се доделува стипендијата и истиот се објавува на интернет страницата на Министерството за образование и наука,

- доставува на одобрување до министерот за образование и наука конечен список на кандидати на кои им се доделува стипендија,

- известуваат сите кандидати по основ на изборот,

- доставуваат жалбите до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Член 10

Студентот кој конкурирал за два или повеќе вида на стипендии и ги исполнил условите за добивање, доставува изјава до Министерството за образование и наука за кој вид на стипендија се определува.

Член 11

За стипендиите од член 4 точките а), б) и в) од овој правилник, стипендијата се доделува за вкупно семестри за додипломски студии од прв циклус колку што се предвидени со статутот на високо образовната установа, освен за семестрите од првата студиска година и апсолвентскиот стаж за студирање.

За стипендиите од член 4 точка г) од овој правилник, стипендијата се доделува за вкупно семестри за додипломски студии од прв циклус колку што се предвидени со статутот на високо образовната установа, освен за апсолвентскиот стаж за студирање.

Член 12

Корисникот на стипендија ја користи стипендијата врз основа на склучен договор со Министерството за образование и наука со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу давателот и корисникот на стипендијата.

Член 13

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за видот на студентските стипендии и начинот на доделување на студентските стипендии на студентите кои студираат во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 168/19).

Член 14

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 19-12132/1
29 октомври 2020 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
**Мила Царовска**, с.р.

# СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3380.**

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, согласно чл.9 ст.1 алинеа 3 чл.10 ст.1, чл.43 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија (Службен весник РСМ бр.150/07,100/11 и 42/20), на одржаната осма седница на ден 28.10.2020 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

I

На Никола Неделкоски – јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Струга, му се утврдува престанок на функцијата јавен обвинител, поради смрт на јавниот обвинител.

II

Функцијата јавен обвинител и работниот однос му престануваат заклучно со 7.10.2020 година.

III

Оваа одлука влегува во сила на ден 28.10.2020 година, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

СОР Бр.14/20
28 октомври 2020 година
Скопје

Совет на јавните обвинители
на Република Северна Македонија
Претседател,
**Ацо Колевски,** с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. Партизански одреди бр. 29, Поштенски фах 51
в.д директор и одговорен уредник – Татијана Лалчевска
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

ISSN 0354-1622
2020258

Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница НАПРЕДОК ДООЕЛ Тетово.